АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 ), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 26.06.2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 3262 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радио-дифузно друштво АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јуни 2019 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво, треба да биде 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: Од увидот во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово во 2018 година, не можеше да се констатира дали радиостаницата ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Поради тоа, на 08.05.2019 година Агенцијата со писмен допис (наш бр. 03-2619/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   На 26.06.2019 година, ТРД АЉБАНА ПЛУС ДООЕЛ - Куманово достави до Агенцијата Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за едно лице и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица. Од доставената документација е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно три лица, од кои две со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***